# Дневна хемеротека за *13.05.2015г.*

## Lider - *Поригорозни мерки за фармите во и околината на Велес кои работат незаконски*

ЕКОНОМСКИ LIDER

12.05.2015 | 20:30

### Поригорозни мерки за фармите во и околината на Велес кои работат незаконски



Градоначалникот на Велес Славчо Чадиев денеска на прес-конференција најави дека локалната власт и општинскиот инспектор за животна средина во наредните месеци ќе преземат поригорозни мерки и санкции против

сопствениците на фарми во и околината на Велес кои го прекршуваат законот.

Како што информира Чадиев, иако тие имаат потпис за работа од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сепак крајниот потпис за нивното работење треба да го стави тој како градоначалник.
Чадиев е дециден дека и покрај жалбите против него од страна на некои од сопствениците до Второстепена комисија, тој нема да го стори тоа се додека тие не ги испочутуваат законските одредби за правилен третман на отпадните води и за непријатната мириза во градот.
– Се' додеке не се испочитува законот јас нема да го ставам потписот за работење на ниту една фарма, потенцира Чадиев.
Чадиев информира дека во новите градски населби на Велес и непосредната околина, повеќе години наназад работот повеќе од 12 свињарски и краварски фарми.
Како што информира Чадиев со одлука на Врховниот суд на сопственикот на Краварската фарма во велешката населба Керамидна, поради неправилно работење веќе му е даден рок за отстранување на фармата.

## Канал5 - *Пооригорозни мерки за фармите во и околината на Велес кои работат незаконски*

Градоначалникот на Велес Славчо Чадиев денеска на прес-конференција најави дека локалната власт и општинскиот инспектор за животна средина во наредните месеци ќе преземат поригорозни мерки и санкции против сопствениците на фарми во и околината на ..

# Вест - *Гази Баба откри 221 потенцијален трујач во Општината*

ВОСПОСТАВЕН КАТАСТАРОТ НА ЗАГАДУВАЧИ

## ГАЗИ БАБА ОТКРИ 221 ПОТЕНЦИЈАЛЕН ТРУЈАЧ ВО ОПШТИНАТА

Од лоцираните загадувачи, 52,9 отсто се во урбаната зона, 35,3 отсто во индустриската и 11,8 отсто во руралната зона на Општината Гази Баба

Општина Гази Баба има вкупно 221 загадувач. Секој од нив поединечно е документиран во базата на катастарот на загадувачи, кој го подготви Општината. Од лоцираните загадувачи, 52,9 отсто се во урбаната зона, 35,3 отсто во индустриската и 11,8 отсто во руралната зона на Општината Гази Баба.
"Сега имаме комплетна електронска база на сите загадувачи на наша територија, која ќе ни претставува основ за планираните идни активности, поголема заштита и подобро превентивно дејствување. Катастарот го изработуваа стручни лица, како и вработени во општинската администрација , но и компании кои работат на територија на Општината. Се изработуваше 10 месеци, а во него се прикажани карти на загадувачи и карти на загаденост", рекоа од Општина Гази Баба.



Фото Б. Грданоски

На картите на загадувачи е покажана точната локација на секој загадувач, а ќе се покажуваат и количествата на загадувачките супстанции во воздухот на годишно ниво, количините на отпадна вода, како и количините на генериран отпад.
Како загадувачи се забележани фабриките, производствените погони, фирмите кои работат на територијата на Општината, и претставуваат потенцијален загадувач.
Извештајот од катастарот на загадувачи деновиве ќе може да се пронајде на општинската веб страница, а за негова изработка, од Буџетот на Општина Гази Баба се издвоени 251.340 денари.
(Ѓ. А.)

# Build - *Физибилити студија за помало загадување од РЕК „Битола“*



» Вести » Проекти » Мапа » Компании » Блог » Тагови » Форум

**Физибилити студија за помало загадување од РЕК „Битола“**

По втор пат годинава, ЕЛЕМ распиша оглас за пронаоѓање консултантска куќа што ќе ја изготви физибилити студијата за третата фаза од модернизацијата и ревитализацијата на РЕК „Битола“. Стратешкиот документ треба да изнајде модалитети за намалување на оксидите на сулфур и прашина што произлегуваат од согорувањето на јагленот во термоелектраната. Дури по изработката на физибилити студијата, ќе се пристапи на поставување на неопходната опрема за десулфуризација на излезните гасови од котлите на овој енергетски комбинат.




ЕЛЕМ очекува изработката на Студијата да чини околу 450.000 евра. Советодавните компании имаат рок до 29 јуни за да ги поднесат своите понуди за учество на објавениот оглас. Во согласност со изготвениот Инвестициски план на ЕЛЕМ за периодот до 2017 година, Студијата за десулфуризација на излезните гасови од котлите на битолската термоелектрана е изработена пред повеќе од три години.